Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 15.12. 2023 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за тековно одржување на јавното осветлување во Општина Кочани за 2024 година

I

Со оваа програма се предвидуваат приходите што ќе се обезбедат од потрошувачите на електрична енергија во Општина Кочани а дел од овие приходи ќе се наменат за тековно одржување на јавно осветлување.

II

Приходите за финансирање на изградба на јавно осветлување и неговото одржување се обезбедуваат од надоместокот на комунална такса за користење и одржување на јавното осветлување.
За користење и одржување на јавното осветлување се плаќа комунална такса според типот на потрошувачите, и тоа:
-0,4 kv(домаќинства) по 25kw/h
-0,4 kv(објекти на трговски друштва и занаетчии) по 50 kw/h
-10 kv по 100 kw/h
-35 kv по 150 kw/h и
-110 kv по 300 kw/h
по цена за јавно осветлување за секое броило за мерење на електрична енергија.

III

Наплатата на таксата за користење и одржување на јавното осветлување од имателите на броило ја врши трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија и ја уплатува на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за Општината на чие подрачје е извршена наплатата.
Комуналната такса се наплатува месечно од страна на наплатната служба при ЕВН Македонија АД Скопје - КЕЦ Кочани.

IV

Планираните приходи и расходи во периодот Јануари-Декември 2024 година ќе изнесуваат :

**А.Анализа на приходи за 2024год.**
Тип на потрошувачи:
-0,4 kv(домакинства) по 25kw/h
Броила 12.568 x 184,00 ден. x 12месеци = 27.750,144 ден.
-0,4 kv(објекти на трговски друштва и занаетчии) по 50 kw/h
Броила 1749 x 368,00 ден. x 12 месеци = 7.723,584,00 ден.
-10 kv по 100kw/h
Броила 50 x 658,00 ден. x 12 месеци = 394.800,00 ден.
-35 kv по 150 kw/h
Броила 3 x 976,00 ден. x 12 месеци = 35.136,00 ден.

Вкупно: 35.903.664,00 ден.
Очекувана наплата сса 97% од вкупно планираното 34.826.554,00 ден.
**Приходи од комунална такса за јавно осветлување: 34.826.554,00 ден.**

**Б. Анализа на расходи за 2024 г.**

- Расходи за тековно одржување на јавно осветлување: **4.900.000,00** ден.
- Расходи за вршење надзор од овластена фирма за реализирање на горенаведените проекти: **100.000,00** ден.

**Вкупно расходи: 5.000.000,00 ден.**

Разликата помеѓу планираните приходи во износ од **34.826.554,00 ден.** и расходи за тековно одржување на јавно осветлување во износ од **5.000.000,00 ден.** во износ од **29.826.554,00 ден.** ќе бидат искористени за реализација на програмата за изградба на јавно осветлување во Општина Кочани за 2024 година и за подмирување на трошоците за потрошена електрична енергија за јавно осветлување во општина Кочани.

V

Тековното одржување на јавното осветлување ќе се врши согласно Одлуката за комунален ред на Општина Кочани.

Тековното одржување на јавното осветлување ќе се изведува преку поднесување на барања од страна на граѓаните, месните и урбаните заедници кои се однесуваат на утврдување на дефекти на улично осветлување и проширување на уличното осветлување. Исто така ќе се вршат редовни контроли за согледување на состојбите и отстранување на утврдените дефекти, односно доведување на јавното осветлување во исправна состојба.

Во текот на 2024г.се планира да се продолжи со изградба на ново улично осветлување на места каде што ќе се јави потреба за тоа.

Во рамките на тековното одржување на јавното осветлување ќе се врши и месечно читање на потрошената електрична енергија од јавното осветлување во сите 82 трафостаници.Извршител на овие активности ќе биде ЕВН Македонија - КЕЦ Кочани со претставник од Одделението за комунални работи при Општина Кочани.

Поради олеснето читање на потрошената електрична енергија и тековно одржување на уличното осветлување во Општина Кочани независно од постоечките ТС/трафостаници/ сопственост на ЕВН-Македонија-КЕЦ-Кочани досега се монтирани 71/седумдесет и еден/метален ормар за улично осветлување сопственост на Општина Кочани.

Надзор над тековното одржување на јавното осветлување, проверка на пристигнатите фактури за наплата на извршените работи како и динамиката на наменското користење на средствата ќе врши Одделението за комунални работи при Општина Кочани.

VI

Набавката на материјалите (со работна рака) за тековно одржување на јавното осветлување во општина Кочани ќе биде предмет на договор што ќе биде склучен помеѓу субјектот што ќе го врши тековното одржување на јавното осветлување и Општина Кочани.

VII

Спроведувањето на Програмата за тековно одржување на јавното осветлување во општина Кочани за 2024год. ќе ја следи Одделението за комунални работи.

VIII

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-2216/1
15.12.2023 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Лазо Митев